## Кодекс на однесување на студентите на Економски факултет-Скопје во текот на следењето на онлајн наставата (учење на далечина)

- Присуството на предавањата и вежбите е задолжително.
- Студентот е должен навремено и редовно да се вклучува на онлајн часовите согласно распоредот на настава.
- Доколку студентот се вклучи порано, не започнува свој состанок (meet now), туку сочекува наставникот да започне состанок на кој се приклучува (join meeting).
- Микрофонот треба да биде исклучен за време на часовите за да не се прекинува часот со звуци од позадина.
- Камерата треба да биде исклучена, а истата се вклучува по барање на наставникот во делот од часот наменет за интеракција со студентите.
- Не смеат да се споделуваат неакадемски содржини на платформата за следење на наставата.
- Предавањата или вежбите не е дозволено да се снимаат, споделуваат или јавно да се објавуваат.
- За време на онлајн часовите студентот се однесува совесно и одговорно, внимателно ги слуша и не ги прекинува говорниците и демонстрира почит кон колегите и наставниците.
- Студентите се потикнуваат активно да партиципираат во текот на наставата во делот од часот наменет за интеракција со студентите.
- Доколку студентот сака да постави прашање или да сподели мислење го притиска знакот за „кревање рака“ и чека наставникот да му даде збор. Говори со вклучена камера и микрофон.
- За време на онлајн часот не е дозволено конзумирање храна или пијалоци.

Високо ниво на академската култура, морално и достоинствено однесување и почитување на академските традиции и на академските дејци отсекогаш било одлика на студентите на Економски факултет-Скопје за што искрено Ви благодариме.

Ваш Економски факултет-Скопје